Врз основа на член 154 став (3) од Законот за основното образование „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерката за образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА НАПРАВЕНИТЕ РЕАЛНИ ТРОШОЦИ И НАЧИНОТ НА РАСПРЕДЕЛБАТА**

**Член 1**

Во Правилникот за висината на надоместокот на трошоците во постапката за признавање врз основа на направените реални трошоци и начинот на распределбата бр.12-14319/1 од 4.12.2019 година, во член 2 во ставот 2 по зборот „странство“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „како и за покривање на други трошоци кои се во интерес на Министерството или во интерес на унапредување и развој на образованието.“

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 18-10677/1**
**21.08.2026 година**
**Скопје**

**Министерка**
**за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**